# Универзитет Св. Климент Охридски – Битола | Alumni интервју

## За Вас

| | |
|---|---|
| **Име и презиме** | Илија Бузлевски |
| **Факултет/студиска програма** | Технолошко технички факултет –Велес/ Нутрционизам |
| **Работно место/позиција** | Вработен во сопствен Центар за здрава исхрана ИН 10 Ресен |
| **Година на дипломирање** | 2015 |
| **E-mail адреса** | Nutricionist.buzlevski@hotmail.com |

## Споделете искуства од студирањето на УКЛО/ Технолошко-технички факултет - Велес

**Наведете зошто избравте да студирате на Технолошко-технички факултет - Велес, ваши искуства во текот на студиите, интересни случки и сл.**

Мојот личен избор за студирање на Технолошко техничкиот факултет во Битола насока Нутриционизам беше пред се интересот кон храната односно како храната делува на човековиот организам, огромната поврзаност во делот на медицината каде што и моите родители припаѓаат но и поучен од моите родители и познанства преку социјалните мрежи дека оваа наука е и воедно наука на иднината. Тука морам да спомнам дека исто така и огромен интерес од моја страна беше и делот на изработуање програми за исхрана за популацијата се со цел помагање односно подобрување на нивното здравје и подигање на свеста на граѓаните во делот на здравата храна и здравиот начин на исхрана.

## Споделете Ваши искуства по дипломирањето на УКЛО/Технолошко-технички факултет - Велес

**Опишете каде и што работите, опишете го Вашиот професионалн пат, наведете Ваши позначајните лични и професионални постигнувања**

По завршувањето на студиите на Технолошко техничкиот Факултет во Битола насока Нутриционизам отворив сопствен центар за здрава исхрана ИН – 10 во Ресен каде што и денес работам. Се со цел стекнување на поголемо знаење во делот на храната односно Квалитетот и безбедноста на храна се запишав на Магистерски студии во Велес на Технолошко техничкиот факултет во Велес насока КБХ – (квалитет и безбедност на храна) . Акомулираното знаење од додипломските и магистерските студии ми се од огромно значење во пракса односно во изработката на програми за исхрана кај голема популација не само во делот на намалување на телесnта тежина туку и во делот на Диетотерапија односно изработка на програми за исхрана за одредени болести како што се: Кардиоваскуларни болести, бубрежни заболувања, дијабетес тип 1 и тип 2, респираторни заболувања, малигни заболувања, програми за исхрана за бремени жени доилки, спортисти и сл. Сум учествувал на голем број на конгреси, семинари во и надвор од нашата земја како и во изработка на голем број трудови исто така во и надвор од нашата земја.

## Alumni совет

**Со една до две реченици што би им порачале како совет на сегашните и идните студенти на УКЛО?**

Стручноста и професионалноста од страна на професорскиот кадар и несебичноста кон презентирање и прикажување на нивното знаење кон студентите како и практичниот дел кој што се нуди како можност, го прави УКЛО еден од најдобрите универзитети не само во нашата земја туку и во пошироки граници.